**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК**
**НА ОПШТИНА ОХРИД**

| | |
|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **О Х Р И Д**<br>**09.10.2020 год.**<br>**БРОЈ 11 ГОДИНА 55** |

## С О Д Р Ж И Н А

| **Реден број** | **Име на одлука** | **Страна** |
|---|---|---|
| **1.** | Одлука за намера за реализација на проекти по пат на долгорочно домашно задолжување на општина Охрид во рамки на вториот проект за подобрување на општинските услуги (msip2) | **2** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАМЕРА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ ПО ПАТ НА ДОЛГОРОЧНО ДОМАШНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО РАМКИ НА ВТОРИОТ ПРОЕКТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ (MSIP2)**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот за усвојување на Одлуката за намера за реализација на проекти по пат на долгорочно домашно задолжување на општина Охрид во рамки на вториот проект за подобрување на општинските услуги (msip2), што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 09.10.2020 година.

**Број 09-8886/4**
**09.10.2020 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески с.р**

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл. весник на Р.М. бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11), член 4 од Законот за јавен долг (Сл. весник на Р.М. бр.62/05, 88/08, 35/11 и 139/14), и член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на Р.М. бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Советот на Општина Охрид на седница одржана на 09.10.2020 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА НАМЕРА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ ПО ПАТ НА ДОЛГОРОЧНО ДОМАШНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО РАМКИ НА ВТОРИОТ ПРОЕКТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ (MSIP2)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува намера на реализација на проекти по пат на долгорочно домашно задолжување на Општина Охрид, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Вториот проект за подобрување на општинските услуги МСИП 2 финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, во висина на _57.893.462,2 денари со вклучен ДДВ, а со цел финансирање на капитален инвестициски проект:

1. Реконструкција на улица „Гоце Делчев“ во г. Охрид проценета вредност од 48.128.942,91 мкд со вклучен ДДВ
2. Реконстукција на улица „7 – ми Ноември“ во г. Охрид со проценета вредност од 24.237.884,84 мкд со вклучен ДДВ

Вкупно проценета финансиска врдност на двата проекти изнесува 72.366.827,75 со вклучен ДДВ. Општина Охрид ќе обезбеди сопствено учество во висина од 20 % од вкупната вредност на предложените проекти, односно 14.473.365,55 мкд со вклучен ДДВ.

**Член 2**

Условите на задолжувањето ќе се утврдат по одобрувањето на проектите од страна на Министерството за финансии, а согласно условите наведени во јавниот повик.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен Гласник на општина Охрид”.

**Број 08-8886/3**
**09.10.2020 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска**